Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
Македонија
Университет имени Гоце Делчева, г. Штип
Македония
Goce Delcev University in Stip
Macedonia

Воронешки државен универзитет
Русија
Воронежский государственный университет
Россия
Voronezh State University
Russia

Прва меѓународна научна конференција

Первая международная научная конференция

First International Scientific Conference

# ФИЛКО
# FILKO

ФИЛОЛОГИЈА, КУЛТУРА И ОБРАЗОВАНИЕ

ФИЛОЛОГИЯ, КУЛЬТУРА И ОБРАЗОВАНИЕ

PHILOLOGY, CULTURE AND EDUCATION

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ
## СБОРНИК СТАТЕЙ
## CONFERENCE PROCEEDINGS

18-19 март 2016 / 18-19 марта 2016 / 18-19 March 2016

Штип Штип Stip

| | |
|---|---|
| Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип<br>Македонија | Воронешки државен универзитет<br>Русија |
| Университет имени Гоце Делчева, г. Штип<br>Македония | Воронежский государственный университет<br>Россия |
| Goce Delcev University in Stip<br>Macedonia | Voronezh State University<br>Russia |
| Прва меѓународна научна конференција | Первая международная научная конференция |

**First International Scientific Conference**

# ФИЛКО
# FILKO

**ФИЛОЛОГИЈА, КУЛТУРА И ОБРАЗОВАНИЕ ФИЛОЛОГИЯ, КУЛЬТУРА И ОБРАЗОВАНИЕ**
**PHILOLOGY, CULTURE AND EDUCATION**

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ
## СБОРНИК СТАТЕЙ
## CONFERENCE PROCEEDINGS

**18-19 март 2016 / 18-19 марта 2016 / 18-19 March 2016**
**Штип Штип Stip**

## ОРГАНИЗАЦИСКИ КОМИТЕТ

**Драгана Кузмановска,** Филолошки факултет при УГД
**Ољга А. Бердникова,** Филолошки факултет при ВГУ
**Светлана Јакимовска,** Филолошки факултет при УГД
**Татјана А. Тернова,** Филолошки факултет при ВГУ
**Виолета Димова,** Филолошки факултет при УГД
**Генадиј Ф. Коваљов,** Филолошки факултет при ВГУ
**Лариса В. Рибачева,** Филолошки факултет при ВГУ
**Костадин Голаков,** Филолошки факултет при УГД

## МЕЃУНАРОДЕН ПРОГРАМСКИ КОМИТЕТ

**Виолета Димова** (Македонија)
**Марија Кусевска** (Македонија)
**Ева Ѓорѓиевска** (Македонија)
**Даниела Коцева** (Македонија)
**Силвана Симоска** (Македонија)
**Софија Заболотнаја** (Русија)
**Лариса В. Рибачева** (Русија)
**Татјана А. Тернова** (Русија)
**Волфганг Моч** (Германија)
**Габриела Б. Клајн** (Италија)
**Карин Руке-Брутен** (Франција)
**Танван Тонтат** (Франција)
**Јулиа Дончева,** (Бугарија)
**Неџати Демир,** (Турција)
**Зеки Ѓурел,** (Турција)
**Ахмед Ѓуншен** (Турција)
**Олег Н. Фенчук** (Белорусија)
**Данијела Костадиновиќ** (Србија)
**Тамара Валчиќ- Булиќ** (Србија)
**Селена Станковиќ** (Србија)
**Реа Лујиќ** (Хрватска)
**Биљана Мариќ** (Босна и Херцеговина)
**Душко Певуља** (БиХ)

**Технички секретар**
**Татјана Уланска**
**Марија Тодорова**

**Главен и одговорен уредник**
Драгана Кузмановска

**Јазично уредување**
Даница Атанасовска-Гаврилова (македонски јазик)
Софија Заболотнаја (руски јазик)
Биљана Иванова (англиски јазик)

**Техничко уредување**
Костадин Голаков
Славе Димитров

**Адреса на организацискиот комитет:**
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
Филолошки факултет
ул. „Крсте Мисирков“ бр. 10-А
Пош. фах 201, Штип - 2000, Р. Македонија

Воронешки државен универзитет
Филолошки факултет
г. Воронеж, пл. Ленина, 10, корпус 2, к. 34, Русија
**Е-пошта:** filko.conference@gmail.com
**Веб-страница:** http://js.ugd.edu.mk./index.php/fe

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.7(062)

МЕЃУНАРОДНА научна конференција филологија, култура и образование (1; 2016 ; Штип)
Зборник на трудови / Прва меѓународна научна конференција филологија, култура и образование, 18-19 март 2016, Штип = Сборник статей / Первая международная научная конференц, 18-19 марта 2016, Штип = Conference proceedings / First International Scientific Conference, 18-19 March 2016, Stip. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев", 2016. - 1119 стр. ; 21 см

Трудови на мак., рус. и англ. јазик. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-244-308-9
1. Насп. ств. насл. - I. Международная научная конференц (1; 2016 ; Штип) види Меѓународна научна конференција филологија, култура и образование (1 ; 2016 ; Штип). - II. First International Scientific Conference (1 ; 2016 ; Схтип) види Меѓународна научна конференција филологија, култура и образование (1 ; 2016 ; Штип)
а) Културологија - Собири
COBISS.MK-ID 101960202

**РЕДАКЦИОННЫЙ СОВЕТ**

**Драгана Кузмановска**, Филологический факультет при УГД
**Оља А. Бердникова,** Филологический факультет при ВГУ
**Светлана Якимовска,** Филологический факультет при УГД
**Татьяна А. Тернова,** Филологический факультет при ВГУ
**Виолета Димова,** Филологический факультет при УГД
**Геннадий Ф. Ковалев,** Филологический факультет при ВГУ
**Лариса В. Рыбачева,** Филологический факультет при ВГУ
**Костадин Голаков,** Филологический факультет при УГД

**МЕЖДУНАРОДНАЯ РЕДАКЦИОННАЯ КОЛЛЕГИЯ**
**Виолета Димова** (Македония)
**Мария Кусевска** (Македония)
**Ева Гёргиевска** (Македония)
**Даниела Коцева** (Македония)
**Силвана Симоска** (Македония)
**Софья Заболотная** (Россия)
**Лариса В. Рыбачева** (Россия)
**Татьяна А. Тернова** (Россия)
**Волфганг Моч** (Германия)
**Габриелла Б. Клейн** (Италия)
**Карин Рукэ-Брутэн** (Франция)
**Танван Тонтат** (Франция)
**Юлиа Дончева** (Болгаря)
**Неджати Демир** (Турция)
**Зеки Гюрел** (Турция)
**Ахмед Гюншен** (Турция)
**Олег Н. Фенчук** (Беларусь)
**Даниела Костадинович** (Сербия)
**Тамара Валчич- Булич** (Сербия)
**Селена Станкович** (Сербия)
**Реа Луйич** (Хорватия)
**Биляна Марич** (Босния и Херцеговина)
**Душко Певуля** (Босния и Херцеговина)

**Ученый секретарь**
Татяна Уланска
Мария Тодорова

**Главный редактор**
Драгана Кузмановска

**Языковая редакция**
**Даница Атанасовска-Гаврилова** ( македонский язык)
**Софья Заболотная** (русский язык)
**Биляна Иванова** (английский язык)

**Техническое редактирование**
Костадин Голаков
Славе Димитров

**Адрес организационного комитета**
Университет им. Гоце Делчева – Штип
Филологический факультет
ул. „Крсте Мисирков“ д. 10-А
Пош. фах 201, Штип - 2000, Р. Македония

Воронежский государственный университет
Филологический факультет
г. Воронеж, пл. Ленина, 10, корпус 2, к. 34, Россия
**Э-почта:** filko.conference@gmail.com
Веб-сайт: http://js.ugd.edu.mk./index.php/fe

**EDITORIAL STAFF**

Dragana Kuzmanovska, Faculty of Philology, UGD
Olga A. Berdnikova, Faculty of Philology, VGU
Svetlana Jakimovska, Faculty of Philology, UGD
Tatyana A. Ternova, Faculty of Philology,VGU
Violeta Dimova, Faculty of Philology, UGD
Genadiy F. Kovalyov, Faculty of Philology, VGU
Larisa V. Rybatcheva, Faculty of Philology, VGU
Kostadin Golakov, Faculty of Philology, UGD

**INTERNATIONAL EDITORIAL BOARD**

Violeta Dimova (Macedonia)
Marija Kusevska (Macedonia)
Eva Gjorgjievska (Macedonia)
Daniela Koceva (Macedonia)
Silvana Simoska (Macedonia)
Sofya Zabolotnaya (Russia)
Larisa V. Rybatcheva (Russia)
Tatyana A. Ternova (Russia)
Wolfgang Motch (Germany)
Gabriella B. Klein (Italy)
Karine Rouquet-Brutin (France)
That Thanh-Vân Ton (France)
Yulia Doncheva (Bulgaria)
Necati Demir (Turkey)
Zeki Gurel (Turkey)
Ahmed Gunshen (Turkey)
Oleg N. Fenchuk (Belarus)
Danijela Kostadinovic (Serbia)
Tamara Valchic-Bulic (Sebia)
Selena Stankovic (Serbia)
Rea Lujic (Croatia)
Biljana Maric (Bosnia and Herzegovina)
Dushko Pevulja (Bosnia and Herzegovina)

**Conference secretary**

Tatjana Ulanska
Marija Todorova

**Editor in Chief**
Dragana Kuzmanovska

**Language editor**
Danica Atanasovska-Gavrilova (Macedonian)
Sofya Zabolotnaya (Russian)
Biljana Ivanova (English)

**Address of the Organizational Committee**
Goce Delcev University - Stip
Faulty of Philology
Krste Misirkov St. 10-A
PO Box 201, Stip - 2000, Republic of Macedonia

Voronezh State Universiy
Faculty of Philology
10 pl. Lenina, Voronezh, 394006, Russia
**E-mail:** filko.conference@gmail.com
Web-site: http://js.ugd.edu.mk./index.php/fe

## СОДРЖИНА / СОДЕРЖАНИЕ / CONTENT


1. Andonova Albena - FORMATION OF COMMUNICATIVE COMPETENCE AT WORK IN A SMALL GROUP.......... 17
2. Асимопулос Панайиотис - УМЕНЬШИТЕЛЬНЫЕ СУФФИКСЫ: СОПОСТАВИТЕЛЬНЫЙ АНАЛИЗ МОРФОСЕМАНТИЧЕСКИХ ОСОБЕННОСТЕЙ В СОВРЕМЕННОМ ГРЕЧЕСКОМ, РУССКОМ И СЕРБСКОМ ЯЗЫКАХ ..........23
3. Babic – Bjelic Olgica - APPLICATION OF POETRY WORKSHOPS IN KINDERGARTEN ..........33
4. Басовска Мери, Ивановска Билјана - НАЧИНИ НА ИЗРАЗУВАЊЕ НА ГОВОРНИОТ ЧИН БАРАЊЕ ВО ЈАЗИЧНИОТ ПАР ГЕРМАНСКИ – МАКЕДОНСКИ ..........41
5. Белчев Толе, Младеноски Ранко - МЕТАЛИТЕРАТУРНИТЕ СЕГМЕНТИ ВО „ТЕАТАРСКИ РОМАН“ НА БУЛГАКОВ И ВО „ВЕШТИЦА“ НА АНДОНОВСКИ ..........51
6. Бердникова Ольга - НОВЫЕ РЕАЛИСТЫ» В СОВРЕМЕННОЙ РУССКОЙ ЛИТЕРАТУРЕ ..........61
7. Бизоев Никола - ВАЛОРИЗАЦИЈА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ВО ИСТОЧНА МАКЕДОНИЈА ..........71
8. Бијелиќ Бисера – ИМАГОЛОШКИТЕ СЛИКИ ЗА ИСТОКОТ И ЗАПАДОТ ВО ДРАМИТЕ НА ДЕЈАН ДУКОВСКИ И ГОРАН СТЕФАНОВСКИ ..........81
9. Божиновски Александар, Методијески Дејан - ИНФОРМАЦИОНИТЕ СИСТЕМИ ЗА ПРИВАТНО СМЕСТУВАЊЕ КАКО ФАКТОР ЗА КУЛТУРНОТО ЗНАЧЕЊЕ НА ТУРИЗМОТ ..........93
10. Величковска Родна - КУЛТУРНА СОРАБОТКА МЕЃУ РУСИЈА И МАКЕДОНИЈА ИЗРАЗЕНА ПРЕКУ ЗАПОЗНАВАЊЕ НА КУЛТУРНИТЕ ВРЕДНОСТИ НА ОБРЕДНО-ПЕЈАЧКИТЕ ЖАНРОВИ ..........101
11. Веновска-Антевска Снежана - ПРАГМАТСКО-КОГНИТИВНИОТ АСПЕКТ НА ЛЕКСИЧКОСЕМАНТИЧКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ ЗА ИЗРАЗУВАЊЕ НА МОДАЛНОСТА ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ..........111
12. Власова Марина - ЭЛЕМЕНТЫ СОКРАТИЧЕСКОГО ДИАЛОГА В ФИЛЬМЕ ДЖИМА ДЖАРМУША «КОФЕ И СИГАРЕТЫ» ..........119
13. Гигова Лидија - ЕВАЛУАЦИЈА НА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО ВО ПОДРАЧЈЕТО – ПОЛОЖБА НА УЧЕНИЦИТЕ ..........125
14. Грачева Жанна – МАРКЕМАЛОГИЯ И ОПРЕДЕЛЕНИЕ АВТОРСТВА ТЕКСТА ..........135
15. Грујовска Сашка - NOMINA AGENTIS ВО МАКЕДОНСКИОТ И ВО ГЕРМАНСКИОТ ЈАЗИК ..........141

16. Ghentulescu Raluca - METAPHORS IN TECHNICAL-SCIENTIFIC TEXTS ........ 147

17. Demir Necati - PETROGLYPHS AS A SOURCE OF URAL-ALTAIC PEOPLE'S LANGUAGE, HISTORY AND CULTURE ........ 155

18. Денкова Јованка - АНИМАЛИЗМОТ КАКО ТЕМА ВО КНИЖЕВНОСТА ЗА ДЕЦА ........ 163

19. Дёгтева Ярославна - ЧУЖОЙ ВЗГЛЯД КАК МЕЖДИСЦИПЛИНАРНАЯ ПРОБЛЕМА ........ 171

20. Димова Виолета - РЕЦЕПЦИЈАТА НА РУСКИТЕ ПИСАТЕЛИ ВО НАСТАВАТА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА ........ 179

21. Dimova Mariya, Milcheva Hristina - THE TRAINING OF GERIATRIC SPECIALISTS IN MEDICAL COLLEGE AT TRAKIA UNIVERSITY, STARA ZAGORA, BULGARIA - IMPORTANT TOOL OF SOCIAL POLICY FOR ACHIEVING BETTER QUALITY OF LIFE FOR OLD PEOPLE ........ 185

22. Донев Драган – ПРОБЛЕМИ СО ПРИБЕЛЕЖУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ ПРИ КОНСЕКУТИВНО ТОЛКУВАЊЕ ........ 191

23. Ѓорѓиева Димова Марија – НАРАТИВНИ ХИЈАЗМИ: КНИЖЕВНОСТА КАКО ИСТОРИЈА, ИСТОРИЈАТА КАКО КНИЖЕВНОСТ ........ 199

24. Ѓорѓиевска Ева, Маролова Даринка - КРИЗАТА НА ИСТОРИЈАТА И НА КНИЖЕВНИОТ ЛИК ВО РОМАНОТ „ЧОВЕК БЕЗ СВОЈСТВА“ НА РОБЕРТ МУЗИЛ ........ 209

25. Заболотная Софья - ИМЯ КАК ХРОНОТОП: О КЛЮЧЕВЫХ ТОЧКАХ ПОНИМАНИЯ ТЕКСТА ........ 217

26. Зайналова Лариса - СОХРАНЕНИЕ ОСОБЕННОСТЕЙ ЭКСПРЕССИВНОГО СИНТАКСИСА С. ДАЛИ В ПЕРЕВОДНОЙ ЛИТЕРАТУРЕ (НА ПРИМЕРЕ ПРОИЗВЕДЕНИЙ С. ДАЛИ) ........ 225

27. Зарецкая Виктория - КОНЦЕПТ МЕССИИ В СОВРЕМЕННОЙ РУССКОЙ ПРОЗЕ (НА МАТЕРИАЛЕ РОМАНА Д. РУБИНОЙ «ВОТ ИДЕТ МЕССИЯ!») ........ 231

28. Ivanova Biljana, Kuzmanovska Dragana, Kirova Snezana - PREFIX NEGATION IN ENGLISH, GERMAN, AND MACEDONIAN LANGUAGE IN THE TEACHING PROCESS - ANALYSIS OF EXPLICIT LEXICAL PREFIX NEGATIONS ........ 237

29. Ивановска Билјана, Кусевска Марија, Даскаловска Нина - ГОВОРНИОТ ЧИН БАРАЊЕ И МОДАЛНОСТА КАКО НЕГОВА КАРАКТЕРИСТИКА ВО МЕЃУЈАЗИКОТ НА МАКЕДОНСКИТЕ ИЗУЧУВАЧИ ПО СТРАНСКИ ЈАЗИК ........ 247

30. Ивановска Лела - УЛОГАТА НА СТУДЕНТИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА ЕВАЛВАЦИЈА НА НАСТАВНИОТ КАДАР ........ 255

31. Игнатовска – Димитрова Христина – КУЛТУРНА МЕДИЈАЦИЈА ВО ПРОЦЕСОТ НА АФИРМАЦИЈА НА ЕВРОПСКИОТ, РЕЛИГИСКИ ИДЕНТИТЕТ ........ 263

32. Iliev Krste, Pop-Zarieva Natalija - THEMATIC AND TEXTUAL COMPARISON OF THE TRAGEDIES HAMLET BY WILLIAM SHAKESPEARE AND ANTIGONE BY SOPHOCLES ........ 275

33. Ильина Татьяна - ОСОБЕННОСТИ ИСПОЛЬЗОВАНИЯ СЛУЖЕБНЫХ СЛОВ В РУССКИХ И АНГЛИЙСКИХ СЛОЖНОПОДЧИНЕННЫХ ПРЕДЛОЖЕНИЯХ: ТРУДНОСТИ ПЕРЕВОДА ....................................................283

34. Iskrev Dimitar - KEY CHARACTERISTICS OF SUCCESSFUL EDUCATIONAL COUNSELING OF SCHOOL'S CLASS ........................................291

35. Jakimovska Svetlana - ON TRANSLATION OF CHURCH-SLAVONIC ORTHODOX TERMS IN FRENCH..........................................................................297

36. Jankova Natka, Jovcheska Silvana - THE ART OF BUSINESS ENGLISH ...............307

37. Јованов Јане - ПЕРСПЕКТИВИ ЗА НОВИ УЧЕБНИЦИ ПО СТРАНСКИ ЈАЗИК ..........................................................................................315

38. Јованов Јане, Ромашевска Катерина - „ИЗГУБЕНАТА ГЕНЕРАЦИЈА" – „ИЗГУБЕНА" НИЗ ИСКУСТВАТА И ЗНАЧЕЊЕТО..........................................323

39. Јорданов Киро, Чапова Загорка - ВЛИЈАНИЕТО НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ ВРЗ НАСТАВАТА И ОДНОСОТ НАСТАВНИК – УЧЕНИК.................333

40. Јосимовска Верица - КНИЖЕВНОСТА КАКО СВЕДОК НА ИСТОРИЈАТА....345

41. Југрева Марија - ДИСТОПИСКА ЛИТЕРАТУРА – ПРЕДВЕСНИК НА ИДНИНАТА ИЛИ САМО ТРЕНД ВО МОДЕРНАТА ЛИТЕРАТУРА............351

42. Караниколова-Чочоровска Луси - ЖЕНСКИОТ ИДЕНТИТЕТ И МЕНТАЛИТЕТ НА ЕДНА РУСКА И ЕДНА МАКЕДОНСКА АНА (ИЛИ: ЗА РОДОВАТА „ДРУГОСТ" НА ТОЛСТОЕВАТА "АНА КАРЕНИНА" И НА „АНА" НА ЈОВАН КОТЕСКИ)................................357

43. Касаповска-Чадловска Милена - КОНСТРУКЦИИ СО АТРИБУТИВНИ ГЛАГОЛИ ВО ФРАНЦУСКИОТ ЈАЗИК И НИВНИТЕ ЕКВИВАЛЕНТИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК..............................365

44. Kečan Ana - WAS CATHERINE EARNSHAW A VAMPIRE? A REVISITING OF WUTHERING HEIGHTS..........................................................377

45. Китанов Блаже, Китанова Ирена – ТАЈНАТА НА РУЖАТА ВО МАЛИОТ ПРИНЦ НА ЕГЗИПЕРИ ........................................................................385

46. Китанова Ирена, Петрова Ѓорѓева Емилија, Мирасчиева Снежана, Коцева Даниела – ЧИТАЊЕТО И РАБОТАТА СО ТЕКСТ ВО ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА ..........................................................................393

47. Ковалев Геннадий - К ВОПРОСУ ОБ АВТОБИОГРАФИЗМЕ В РОМАНЕ А.С.ПУШКИНА «ЕВГЕНИЙ ОНЕГИН»..............................................................401

48. Кожинкова Весна - КОСМОПОЛИТИЗМОТ ВО ТВОРЕШТВОТО НА КОЛБЕ И ЛАФАЗАНОВСКИ.........................................................................409

49. Коробов-Латынцев Андрей - «СМЕРТЬ УНИВЕРСИТЕТА» РЕКОНСТРУКЦИЯ ФИЛОСОФИИ ОБРАЗОВАНИЯ ФРИДРИХА НИЦШЕ (ПО РАБОТЕ «ЛЕКЦИИ О БУДУЩНОСТИ УНИВЕРСИТЕТА»).......417

50. Коцева Весна, Тодорова Марија, Уланска Татјана - ПРЕГЛЕД НА КРИТИЧКИТЕ ИНТЕРПРЕТАЦИИ НА КРЕШЕНОВИОТ МОДЕЛ НА УСВОЈУВАЊЕ/УЧЕЊЕ НА НЕМАЈЧИН ЈАЗИК .................................................423

51. Коцева Даниела, Мирасчиева Снежана, Петрова-Ѓорѓева Емилија, Китанова Ирена - КУЛТУРА, ГЛОБАЛИЗАЦИЈА, ИДЕНТИТЕТ ........................431

52. Krsteva Marija - BIOGRAPHICAL FICTIONS ABOUT THE GREAT AMERICAN AUTHORS F. SCOTT FITZGERALD AND ERNEST HEMINGWAY ........................................439

53. Кузмановска Драгана, Шекеринова Емилија - ИНФОРМАЦИСКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СОВРЕМЕНАТА НАСТАВА ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........................449

54. Kurteshi Voglushe, Gulevska Valentina - COMPARATIVE MONITORING OF BEHAVIOR OF PROBLEMATIC PUPILS IN KOSOVO AND MACEDONIA .....457

55. Kyrchanoff Maksym W. - LITERATURIZING MODERNIZATIONS IN PRE- AND POST-MODERN SOCIETIES: DESTRUCTION OF ARCHAICNESS IN CONTEXTS OF INTELLECTUAL OPPOSITIONS OF BARBARISM AND CIVILIZATION CATEGORIES IN HISTORICAL TIME ........................................463

56. Kyuchukova Sylvia - INCLUSION OF CHILDREN RAISED IN INSTITUTIONS TO THE DEVELOPMENTS IN THE SPHERE OF HEALTH BEHAVIOR..............475

57. Лапыгина Мария – СРАВНИТЕЛЬНАЯ ХАРАКТЕРИСТИКА ЛЕКСИЧЕСИХ СРЕДСТВ СОЗДАНИЯ ПОЛОЖИТЕЛЬНОГО ИМИДЖА ПОЛИТИКА В РУССКИХ И СЕРБСКИХ СМИ ........................................483

58. Леонтиќ Марија - А1 и А2 ЗАЕДНИЧКИ РЕФЕРЕНТНИ РАМНИШТА НА ЗАЕДНИЧКАТА ЕВРОПСКА РЕФЕРЕНТНА РАМКА ЗА ЈАЗИЦИ И НИВНАТА ПРИМЕНА ПРИ ПОДГОТВУВАЊЕ УЧЕБНИЦИ ЗА УЧЕЊЕ ТУРСКИ ЈАЗИК ВО ТУРЦИЈА И ВО МАКЕДОНИЈА ........................................489

59. Мајхошев Андон – ГОВОР НА ОМРАЗА ВО ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ МЕДИУМИ ВО РМ. ПРИМЕРИ ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ...................501

60. Макаријоска Лилјана, Ѓорѓиоска Жаклина - ЦРКОВНОСЛОВЕНСКИТЕ ЛЕКСИЧКИ ЕЛЕМЕНТИ ВО ПОЕЗИЈАТА НА МИХАИЛ РЕНЦОВ .................509

61. Малинов Зоранчо - ШТИП, „ЧЕТ’РСЕ“ И УНЕСКО - КАКО ДА СЕ ИСКОРИСТИ ВПИШУВАЊЕТО НА ШТИПСКИОТ ОБИЧАЈ НА СВЕТСКАТА РЕПРЕЗЕНТАТИВНА ЛИСТА НА НЕМАТЕРИЈАЛНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ........................................515

62. Мануковская Татьяна – ЗИМНИЕ СВЯТКИ В С. ПЕРШИНО И СИНИЕ ЛИПЯГИ НИЖНЕДЕВИЦКОГО РАЙОНА ВОРОНЕЖСКОЙ ОБЛАСТИ..........523

63. Марковиќ Михајло, Новотни Соња - ЗА НЕКОИ СЛОВЕНСКИ ЈАЗИЦИ (МИНАТО, СЕГАШНОСТ И ИДНИНА) ........................................533

64. Меркулова Инна - ПАРАМЕТРИЧЕСКИЙ АНАЛИЗ ЛЕКСИКИ МАКЕДОНСКОГО ЯЗЫКА ........................................541

65. Меркулова Ирина, Марьяна Розенфельд - ЯЗЫКОВАЯ ИГРА В РОССИЙСКИХ РЕКЛАМНЫХ ТЕКСТАХ ........................................549

66. Методијески Дејан, Голаков Костадин - ПРЕГЛЕД НА ПОЗНАЧАЈНИТЕ ТУРИСТИЧКИ ВОДИЧИ ........................................555

67. Мирасчиева Снежана, Коцева Даниела, Петрова-Ѓорѓева Емилија, Китанова Ирена - ПОВРЗАНОСТА МЕЃУ ОБРАЗОВАНИЕТО, ПРАКТИКАТА И ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИТЕ ЦЕЛИ ВО ОПШТЕСТВЕН КОНТЕКСТ ........................................565

68. Мирчева-Бошевска Билјана - МОЖНОСТИ И НАЧИНИ ЗА ПРЕВОД НА ФРАЗЕМИТЕ ...... 573

69. Михайлова Елена, Цзяннань Чжан - КОНЦЕПТ «МУЗЫКА» В ТВОРЧЕСТВЕ С.В. РАХМАНИНОВА В КОНТЕКСТЕ РАЗЛИЧНЫХ ИСКУССТВ ...... 581

70. Михајловиќ Костадиновска Сања – МЕТАФОРИТЕ ЗА ДОН КИХОТ ВО МАКЕДОНСКИ КОНТЕКСТ ...... 591

71. Молчанова Н. - АСТРАЛЬНЫЙ КОСМОС КОНСТАНТИНА БАЛЬМОНТА ...... 605

72. Moretti Violeta - LATIN PROVERBS AS A TWO-WAY ROAD OF CULTURAL TRANSFER ...... 615

73. Нацев Трајче, Веселинов Драган - КУЛТУРНАТА ИСТОРИЈА НА ШТИП ВО ПРАИСТОРИЈАТА ...... 623

74. Недюрмагомедов Георгий - СОДЕРЖАНИЕ ТЕОРИЙ ЭКОЛОГИЧЕСКОГО ОБРАЗОВАНИЯ СТАРШЕКЛАССНИКОВ РЕАЛИЗУЕМЫХ В ПРОЦЕССЕ ОБУЧЕНИЯ В ШКОЛАХ СЕВЕРНОГО КАВКАЗА ...... 631

75. Ниами Емил - ПОЛИТКОРЕКТНОСТА ВО МАКЕДОНСКАТА ЈАЗИЧНА СРЕДИНА ...... 639

76. Никодиновски Звонко - СЕМИОЛОГИЈАТА НА ЖЕНАТА ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК - ЖЕНАТА ВООПШТО И ФИЗИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЖЕНАТА ...... 645

77. Николовска Кристина - ПОЕТСКИОТ БЛЕСОК НА ГЕНАДИЈ АЈГИ ВО МАКЕДОНСКИ КОНТЕКСТ ...... 655

78. Ничева Весна, Ашкилова Маја, Иванова Адријана - ПРОФЕСИОНАЛНИОТ ИДЕНТИТЕТ НА НАСТАВНИКОТ – КОМПЕТЕНТЕН НАСТАВНИК НА 21- ВЕК ...... 663

79. Новотни Соња, Марковиќ Михајло - КОНТРАСТИВНОСТ НА ДИЈАХРОНИЈАТА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ПРИКАЖАН ПРЕКУ СТАРОСЛОВЕНСКИТЕ РАКОПИСИ ...... 669

80. Орлов Алексей - ХУДОЖЕСТВЕННЫЙ ПОРТРЕТ РЕВОЛЮЦИИ В КНИГЕ ИВАНА БУНИНА «ОКАЯННЫЕ ДНИ» ...... 681

81. Петрова Снежана – ИНТЕРКУЛТУРНОСТА ВО КОМУНИКАЦИЈАТА (РАЗМИСЛУВАЊА ЗА КУЛТУРНО-ЦИВИЛИЗАЦИСКИТЕ И ОБРАЗОВНИТЕ ПЕРСПЕКТИВИ) ...... 691

82. Петрова-Ѓорѓева Емилија, Коцев Митко - ВОСПИТНАТА ФУНКЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО ВО СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО ...... 699

83. Петрова-Ѓорѓева Емилија, Мирасчиева Снежана, Китанова Ирена, Коцева Даниела - СОВРЕМЕНОТО УЧИЛИШТЕ КАКО ОРГАНИЗАЦИСКИ СИСТЕМ ...... 707

84. Петрова-Џамбазова Снежана – МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО ТЕЛЕВИЗИСКИТЕ РЕКЛАМНИ ПОРАКИ ...... 713

85. Петровска-Кузманова Катерина - МАКЕДОНСКИТЕ ОБРЕДНИ ПОВОРКИ ВО ИСТРАЖУВАЊАТА НА НИКИТА ИЛИЧ ТОЛСТОЈ ...... 719

86. Popova Ana - THE REPRESENTATION OF ST. NICHOLAS THE WARM-HEARTED PROTECTOR AND ST. SIMEON THE STILYTES IN THE CHURCH OF ST. GEORGE AT POLOŠKO ............ 727

87. Pop-Zarieva Natalija, Iliev Krste - THE BYRONIC HERO: EMERGENCE, ISSUES OF DEFINITION AND HIS PROGENIES ............ 741

88. Попоска Соња - АКЦЕНТОТ И АКЦЕНТСКИТЕ ЦЕЛОСТИ ВО ЈАЗИКОТ НА МЕДИУМИТЕ ............ 749

89. Правдина Ирина - КОНТРАСТИВНЫЙ АНАЛИЗ ТЕРМИНОВ РОДСТВА В ДИАХРОНИЧЕСКОМ АСПЕКТЕ (НА МАТЕРИАЛЕ РУССКОГО И СЕРБСКОГО ЯЗЫКОВ) ............ 759

90. Пресилска Јасмина – ВЛИЈАНИЕТО НА ФРАНЦИЈА И ФРАНЦУСКИОТ ЈАЗИК ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО И КУЛТУРАТА ВО БИТОЛА ............ 765

91. Продановска Весна - ВАЖНОСТА И ПРИОДИТЕ ПРИ ПРЕДАВАЊАТА ПО ПРАВИЛЕН ИЗГОВОР ВО ИЗУЧУВАЊЕТО НА АНГЛИСКИОТ КАКО СТРАНСКИ ЈАЗИК ............ 775

92. Пухова Татяна - РАСТИТЕЛЬНЫЕ ОБРАЗЫ В ВОРОНЕЖСКИХ КАЛЕНДАРНЫХ ОБРЯДАХ ............ 785

93. Ramadanski Draginja L. - SOVIET BOOK OF THE DEAD ............ 797

94. Ряполов Сергей - ВВЕДЕНИЕ В ФИЛОСОФИЮ» ВАСИЛИЯ НИКОЛАЕВИЧА КАРПОВА И ФОРМИРОВАНИЕ ОРИГИНАЛЬНОЙ РУССКОЙ ФИЛОСОФСКОЙ ТРАДИЦИИ ............ 805

95. Сандева Васка, Деспот Катерина - АРХИТЕКТОНСКИ ЗАВЕСИ ВО ПРОСТОР ПРИЧИНА ЗА ДРАМАТИЧНОСТ ВО ПРОСТОР ............ 817

96. Сидорук Екатерина - «МАССОВЫЙ» ЧЕЛОВЕК В КОНТЕКСТЕ РОЕВОЙ ЖИЗНИ (НА ПРИМЕРЕ ПОВЕСТИ «ГОЛУБОЕ И КРАСНОЕ», РАССКАЗА «КЛЮЧАРЕВ И АЛИМУШКИН») ............ 825

97. Симионска Магдалена - МОРФОСИНТАКСАТА И МЕСТОПОЛОЖБАТА НА ПРИЛОШКИТЕ ОПРЕДЕЛБИ ЗА НАЧИН ВО АНГЛИСКИОТ И ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ............ 829

98. Симоска Силвана – ГЕРМАНСКО-МАКЕДОНСКИ ЗАЕМКИ И/ИЛИ ЛАЖНИ ПАРОВИ ............ 839

99. Sîrbu Otilia - BETWEEN SACRED AND PROFANE ............ 857

100. Smilkova Viktorija - INTER-LINGUSTIC ANALYSYS OF APOLOGIES IN MACEDONIAN AND ENGLISH ............ 863

101. Ставрева Веселиновска Снежна, Кирова Снежана - КОРЕЛАЦИЈА И ИНТЕГРАЦИЈА НА НАСТАВНИТЕ СОДРЖИНИ СО ЕКОЛОШКА ТЕМАТИКА НА ЧАСОВИТЕ ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО Р. МАКЕДОНИЈА ............ 877

102. Стојанов Трајче - ДОСТОЕВСКИ КАКО ЛИТЕРАЛИЗАЦИЈА НА ФИЛОСОФИЈАТА НА СОЛОВЈОВ ............ 887

103. Стојаноска Иванова Татјана, Анастасовски Иван,
Томевска Илиевска Елизабета - ИНТЕРКУЛТУРНИОТ ДИЈАЛОГ
И СПОРТОТ ....................................................................................................899

104. Сулејмани Умит, Челик Махмут - МЕТОДИ И ТЕХНИКИ НА
ЧАСОВИТЕ ПО ТУРСКИ ЈАЗИК И КНИЖЕВНОСТ СПОРЕД
ПРОЦЕСИТЕ НА КОГНИТИВНОТО УЧЕЊЕ ......................................................905

105. Тамкина Вера - МУЗЕЙНОЕ ЭКСПОНИРОВАНИЕ КАК
ХУДОЖЕСТВЕННАЯ ПРАКТИКА НА СОВРЕМЕННОМ ЭТАПЕ.....................915

106. Танеска Александра П., Здравковска-Адамова Благојка -
ИСКАЖУВАЊЕ МИНАТОСТ СО СУМ И ИМАМ-КОНСТРУКЦИИТЕ
ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК СО ОСВРТ НА НИВНИТЕ ЕКВИВАЛЕНТИ
ВО АЛБАНСКИОТ ЈАЗИК..................................................................................923

107. Тантуровска Лидија - „МАША И МЕДВЕДЬ“ НА МАКЕДОНСКИ ...................933

108. Тасевска Марица - ЗАСТАПЕНОСТА НА ГЕРМАНСКИТЕ ЈАЗИЧНИ
ВАРИЕТЕТИ ВО АВСТРИЈА ВО УЧЕБНИЦИТЕ ПО ГЕРМАНСКИ Ј
АЗИК КАКО СТРАНСКИ ЈАЗИК „SCHRITTE INTERNATIONAL”.....................943

109. Тернова Татьяна - ИСТОРИЧЕСКАЯ КОНЦЕПЦИЯ А. МАРИЕНГОФА
В РОМАНЕ «ЕКАТЕРИНА» ...............................................................................951

110. Тефова Маја Ѓ. - ВОСПИТНО-ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС / НАСТАВАТА
ДЕНЕС ............................................................................................................959

111. That Thanh-Vân Ton – LA COMMUNE DE PARIS: UNE PAGE
D’HISTOIRE MÉCONNUE, DÉFORMÉE VOIRE OUBILÉE................................971

112. Тихонова Ольга - ОСНОВЫ ТИПОЛОГИИ И ЭВОЛЮЦИЯ
РОМАНТИЧЕСКОГО ГЕРОЯ В ЛИТЕРАТУРЕ XIX ВЕКА..................................979

113. Тодорова Марија, Коцева Весна - ШПАНСКИОТ ЈАЗИК ВО
ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА........................989

114. Тоевски Свето - ЗНАЧЕЊЕТО НА СОВРЕМЕНИТЕ ПЕДАГОШКИ
ТЕОРИИ И НА ЕФЕКТИВНАТА ИНТЕРАКТИВНА НАСТАВА - ПОГЛЕД
НА ПРАКСАТА НА МАКЕДОНСКИТЕ ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТИ И НА
ЈАЗИЧНИОТ ОДДЕЛ НА МИТ ИНСТИТУТОТ.................................................... 997

115. Трајкова Мира - АКЦИОНА ПЕРСПЕКТИВА ВО УЧЕБНИЦИТЕ ЗА
НАСТАВАТА ПО ФРАНЦУСКИ КАКО СТРАНСКИ ЈАЗИК:
AGENDA И VITET ...........................................................................................1017

116. Уланска Татјана, Кузмановска Драгана, Кирова Снежана - СЕМАНТИЧКА
СПОРЕДБА НА ТЕРМИНОЛОГИЈАТА НА СРОДСТВО ВО АНГЛИСКИОТ
И ГЕРМАНСКИОТ СО МАКЕДОНСКИОТ И СРПСКИОТ ЈАЗИК ....................1029

117. Фролова Анна - ЯЗЫК КЛАССИКИ И ЯЗЫК СОВРЕМЕННОСТИ
В ПЬЕСАХ-РЕМЕЙКАХ С. КУЗНЕЦОВА И О. БОГАЕВА «НЕТ
ПОВЕСТИ ПЕЧАЛЬНЕЕ НА СВЕТЕ…» И С. ЖАТИНА «РОМЕО И
ДЖУЛЬЕТТА: ВОРОНЕЖСКИЕ СТРАДАНИЯ»..................................................1035

118. Холина Дарья - ЭКСПРЕССИВНЫЙ СИНТАКСИС В ПОЭЗИИ
У.Б. ЙЕЙТСА.....................................................................................................1043

119. Хохонин Дмитрий - МЕТАФОРИЧЕСКОЕ ИСПОЛЬЗОВАНИЕ НАИМЕНОВАНИЙ ЛИЦ, СВЯЗАННЫХ С МУЗЫКАЛЬНОЙ ДЕЯТЕЛЬНОСТЬЮ И ПРОФЕССИЕЙ ........ 1053

120. Христовска Соња – ЈАЗИКОТ ВО МОИТЕ СОНОВИ И СОНОВИТЕ НА МОИТЕ БЛИСКИ ........ 1063

121. Цветановски Гоце - МАКЕДОНСКИ ЕКВИВАЛЕНТИ НА НЕКОИ РУСКИ ФРАЗЕОЛОГИЗМИ ........ 1071

122. Цубалевска Мери - АСПЕКТИ НА ПРОУЧУВАЊЕ НА СТАРОСЛОВЕНСКАТА ЛЕКСИКА ........ 1079

123. Челик Махмут, Сулејмани Умит - КРИТИЧКИ ОСВРТ КОН ЗБИРКАТА РАСКАЗИ „СЕДМОГЛАВИОТ ЏИН“ НА МУСТАФА КАРАХАСАН ........ 1089

124. Чернобаева Алла - ПРЕДСТАВЛЕНИЯ О ГРЕХЕ И О ВОЗМЕЗДИИ В ВОРОНЕЖСКИХ ДУХОВНЫХ СТИХАХ ........ 1097

125. Чуносова Ирина - РАЗВИТИЕ ВЫРАЗИТЕЛЬНОСТИ ПЕДАГОГИЧЕСКОЙ РЕЧИ: ПРАКТИЧЕСКИЙ АСПЕКТ ........ 1103

126. Швецова Ольга - ЯЗЫКОВОЙ ОБРАЗ АНТИУЧЁНОГО (НА МАТЕРИАЛЕ ПОВЕСТИ И. ГРЕКОВОЙ «КАФЕДРА) ........ 1109

127. Шутаров Васко - ДИНАМИЗИРАЊЕ НА КУЛТУРНАТА ДИПЛОМАТИЈА ВО РУСКО-МАКЕДОНСКИТЕ ОДНОСИ, НАЈНОВИ ПОКАЗАТЕЛИ ........ 1117

УДК: 37.018

# ВОСПИТНАТА ФУНКЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО ВО СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО

ЕМИЛИЈА ПЕТРОВА ЃОРЃЕВА
МИТКО КОЦЕВ

**Апстракт**

Во воспитувањето на децата учествуваат различни фактори, но како најзначајни се сметаат: семејството и училиштето, односно наставникот. Од останатите фактори, силно влијание имаат и: врсниците, општествената средина, мас - медиумите, (особено ТВ), невладини организации, политички партии, а со развојот на информатичкото општество, силно е и влијанието на различните социјални мрежи, односно интернетот.

Значи, можеме да констатираме два вида на влијание: едно кое е спонтано, неинтенционално, ненамерно и друго - влијание кое е намерно, интенционално, со посебно нагласена цел, задачи и средства на реализација. Во овој контекст, педагошката мисла разликува функционално воспитание (ненамерното, спонтано влијание) и насочено, намерно влијание кое спаѓа во доменот на интенционалното воспитание. Интенционално воспитание остварува училиштето, односно наставникот, според одредена програма, со точно определена цел, задачи, методи и средства.

**Клучни зборови:** училиште, воспитна функција, современо општество.

Сите промени и реформи што се случуваат во училишниот систем кај нас од поодамна, но и сегашниве, се насочени претежно кон интелектуалната сфера. Се променуваат наставните планови и програми, се кратат или додаваат часови, се додаваат нови наставни предмети, било задолжителни или изборни и сè се врти во таа насока, или во тој круг. Како ништо да не се случува и да не се менува во воспитната насока од страна на надлежните институции. Во контекст на погоре кажаното, можеме да ги издвоиме најзначајните карактеристики на денешното училиште:

- Преовладување на интелектуалната и запоставување на социо - емоционалната сфера на личноста,
- Одвојување на воспитната од образовната компонента,
- Преовладување на меморирањето, складирањето на информации, а запоставување на учење како да се учи и како самостојно да се доаѓа до знаењата и истите да бидат применливи.
- Ставање акцент на информации и факти кои треба да се усвојат, запомнат, репродуцираат и на тој начин се пренагласува

рационалната компонента, а се стеснува можноста за духовен развој.

- Комуницирање преку низок степен на интеракциска поврзаност што подразбира акциско - реакциски степен, или комуникација која се одвива преку поставување на прашања од страна на наставникот и давање одговор од страна на учениците, без можност за водење на вистински, хуман и конструктивен дијалог, кој претставува највисок степен на интеракциска поврзаност во комуникацијата.
- Учење согледано како резултат, а не како процес. Сѐ се сведува на оценката како единствено мерило за знаење, но и клуч за успешност и напредување.
- Крути хиерархиски односи на релација наставник - ученик, а уште повеќе професор - ученик, без емоции, и со голема рамнодушност во тој поглед.
- Преовладување на негаивни емоции кои не можат да бидат основа за здрава и зрела личност.
- Запоставување на внатрешната мотивација и нагласување на надворешната.
- Занемарување на екстракурикуларните активности (вонnаставните активности).
- Негрижа на училиштето како учениците го користат своето слободно време.
- Непостоење на стандарди за реализација на воспитната функција.

Факт е дека училиштето е немоќно да се справи со потребите на учениците во сегашно време. Оттука, го поставуваме и суштинското за нас прашање: Како треба да се делува во оваа насока?

Училиштата се обврзани да изработат годишни програми каде ја планираат воспитната мисија преку разни предавања, посебни денови (еколошки и сл.), но тоа не е доволно. Како да е ставено само на хартија, многу декларативно и без конкретна реализација.

Како конкретен пример, ќе анализираме една програма за воспитна функција во едно штипско училиште, каде целокупната активност во воспитен поглед е планирана преку разновидни форми: Годишен план за работа на слободните активности на училиштето, односно училишните секции, како и преку годишниот план за соработката со локалната средина и културната дејност на учениците, годишен план за работа на подмладокот на Црвениот Крст, Годишен план за производствена и друга општествено - корисна работа, како и Годишен план за работа на заедницата на учениците. Со мали измени, речиси сите училишта во нашата Република на ваков начин и со исти и слични содржини ја планираат и програмираат воспитната работа, како осставен дел од воспитно - образвониот процес во училиштата.

Прецизно се разработени содржините на активностите, времето на реализација, како и носителите. Кога ќе се анализира Годишната програма за воспитно делување, се добива впечаток дека училиштето посветува особено внимание на планирањето, програмирањето и реализацијата на воспитната функција. За илустрација, ќе наведеме некои содржини: организирање на солидарна акција „Денар за своето другарче", Акција за собирање стара облека, одбележување на „Недела на гладните", „Недела за грижа на стари лица", Предавања за разни болести, како: заразна жолтица, исхраната во зима, реферат за борба против алкохолизмот, пушењето и наркоманијата, „Како да им помогнеме на другарчињата", „Правилно користење на зимскиот распуст", „Односот кон вработените", солидарна акција „Твојата насмевка - огледало на твојата среќа", едукативно предавање: „Ајде да селектираме - рециклираме" и сл.

Што забележуваме? Разновидност на содржини, кои се прецизно програмирани во текот на целата учебна година, кои опфаќаат различна проблематика, од солидарни акции, грижа како да се користи слободното време, најразлични предавања за разни болести и пороци, до градење на еколошка култура за зачувување на животната средина. Значи, формата постои, содржините со извесно дополнување можат да се сметаат за солидни, но сепак нешто не функционира. И покрај таквото прецизно планирање и програмирање, воспитната функција е на маргините. Каде е проблемот? Очигледно проблемот е во суштинската реализација. Значи, не е доволно само нешто формално да се испланира, туку најважна е самата реализација, односно остварувањата на програмата за воспитно делување. (Р. Попова - Коскарова, 2009:25).

Училиштето стои исправено пред предизвиците на 21 век, одговорно за својата улога во општеството и за потребите на учениците. Затоа, на тие проблеми треба да им се посвети императивно значење и да претставуваат приоритет во улогата на современото училиште.

Во овој контекст, современото училиште треба да:

развива заедништво и меѓусебно разбирање, во духот на педагогијата на заедништво,

применува современи стратегии, вештини и техники за ефикасно менаџирање со проблематичното однесување на учениците,

развива културни навики и потреби за консумирање на вистински вредности од културата, преку посети на театри, музеи, оперски и балетски претстави и сл. ,

развива еколошка култура и свест за зачувување на животната средина,

ги запознава и превентивно да делува против пороците на денешницата,

развива програми за разрешување на конфилкти и насилства во училиштата, како и надминување на стереотипите и предрасудите,

ја интензивира соработката со родителите.

За да се остварат наведените приоритети од воспитен аспект, есенцијални се неколку работи:

*а) Соодветна обука на наставниците и нивно оспособување за успешно реализирање на воспитната функција,*
*б) Промена на програмската структура за работа на училиштето.*
Наставниците треба да добијат соодветна обука во текот на нивното иницијално образование, но и понатаму преку разновидните форми на стручен и професионален континуиран развој за успешно воспитно делување. Современото општество бара современ наставник кој колку што успешно ќе образува, исто толку успешно и ќе воспитува.
Вториот аспект се однесува на промена на програмската структура за работа на училиштето. Имено, првото прашање во овој контекст е прашањето: Колку вистински се реализираат екстракурикуларните активности, или добро познатите слободни или воннаставни активности. И тука, сознанијата говорат дека тие активности иако се дел од програмата на училиштето, многу малку или воопшто не се реализираат. Нашите училишта не живеат со целодневна активност од типот на активности кои ги имаат голем број европски земји, како Шведска, Данска, Франција, Германија, Англија и др. Таму, со завршувањето на редовната настава, не значи дека завршува и работниот ден во училиштето. Напротив, учениците имаат можност да избираат најразновидни активности според нивните желби и интереси, а за успешната реализација се грижат аниматори на слободното време на децата. Зошто тоа да не може да се прави и во нашите училишта?
Има многу млади луѓе, па дури и студенти од завршните години кои на тој начин добиваат можност да ја остварат својата практична активност, кои можат да бидат добри аниматори, и како помошници на наставниците да помогнат во развивањето на креативните способности на учениците, а пред сѐ во функционалното користење на слободното време.
Од друга страна пак, реализацијата на содржините преку форми од типот: предавања и реферати кои сѐ уште многу наши училишта ги практикуваат ,треба да се напуштат, бидејќи многу често учениците тоа што го слушаат преку разгласните станици во училниците, не го разбираат доволно, или пак ако не е придружено со разговор околу темата, истото останува само пасивно восприемање на нештата, без емоционално доживување и без можност да стане дел од нивното однесување. Затоа, наша препорака е дека треба од корен да се менува начинот на кој се реализираат содржините како дел од Годишната програма за воспитна функција. Притоа, за успешна реализација, треба успешна подготовка на наставникот, како на другите субјекти во училиштето, а пред сѐ на педагошко - психолошката служба. Соработката со оваа служба треба да биде на високо ниво и да се движи во насока на подобрување на воспитната клима во училиштето. Ако се анализираат насоките на педагошките промени кои ги зафатија нашите училишта (компјутеризација на наставата, електронски дневник, воведување на 9 - годишно основно образование, концепциските промени и сл) но, кои ја оставија на маргините воспитната функција и на тој план речиси ништо не се направи, тогаш, нашата заложба е да се следат светските

искуства. Тоа подразбира изградување на *стандарди за воспитно делување*, бидејќи како што ќе истакне проф. Џ. Мурати, стандардите се во полза на квалитетот. (Џ. Мурати, 2007:57). Високо развиените земји во светот многу одамна имаат изградено стандарди за воспитно делување, кои претпоставуваат дефинирање на мерките за квалитетот на наставата, не само од образовен, туку и на воспитен план, како и изградување на методологија за пресметување на резултатите од квалитетната настава која подразбира успешно реализирана, не само образовна, туку и воспитна функција.

За ефикасно функционирање на училиштето при реализација на воспитната улога, потребно е училиштето да изгради и свои приоритети:
Проблемите од воспитен аспект се најсилно изразените проблеми со кои се соочува училиштето како институција, задолжена за воспитание и образование на младата личност. Насилствата, непочитувањето, честите отсуства од часовите, нетрпеливост и нетолеранција се најчесто изразените проблеми во нашите училишта, како основни, така и средни. Родителите и наставниците се немоќни пред таквите проблеми.
Училиштето стои исправено пред предизвиците на 21 - от век, одговорно за својата улога во општеството и за потребите на учениците. Затоа, на тие проблеми треба да им се посвети императивно значење и да претставуваат приоритет во улогата на современото училиште.

Современото училиште потребно е да реализира програма за воспитно дејствување, којашто ќе претставува своевиден приоритет на училиштето. Во таа програма, посебно внимание треба да се посвети на следните аспекти: заедништво, взаемност, меѓусебно разбирање и кооперативност.

Првиот чекор во оваа насока е љубовта, како неопходна темелна вредност, која го движи човекот кон создавање и остварување поголеми цели и задачи. Во овој контекст, ќе се потсетиме на зборовите на нобеловката Мајка Тереза, која многу пати истакнувала: „Во светот е поголема потребата за љубов, отколку за леб“. (цит. според Michele De Beni :1). Всушност, оваа нејзина мисла јасно говори дека иако потребата за леб е незаменлива и примарна, потребата за љубов е исто така длабоко вкоренета во личноста на човекот и неминовно треба да се посвети поголемо внимание, отколку што се мисли.

Во контекст на погоре изнесеното говори и содржината на еден постер кој осамнал во многу италијански градови пред неколку години. На плакатот било прикажано момче во клошарска облека, потпрено на ѕид и со отсутен поглед. Момчето носело плакат на кој пишувало: „Гладен сум“. На друг постер бил прикажан човек кој се запира и му остава паричка на момчето. Тогаш, момчето го прикажува целосниот натпис на плакатот: „Гладен сум за разбирање и љубов“. .
*Взаемна помош* - Наставникот треба да ја познава и да ја следи структурата на моменталните емоции на своите ученици и да стимулира помош кон

определени ученици на кои им е потребна од страна на другите кои немаат такви проблеми. Всушност, тука се работи за помагање во учењето, решавање на одделни задачи и проблеми, помагање во моменти на одредена емоционална состојба. На тој начин ќе се поттикне и социјализацијата во одделението и воспитно ќе се влијае во создавањето позитивни емоционални особини кај учениците.
*Кооперативност* - е основната вредност на која се темели интерактивното учење. Преку кооперативноста се развива одговорност, но и чувство на заемна зависност и меѓусебна соработка на членовите во групата. Учениците треба да се стимулираат во групна и тандемска работа, која ќе ги поттикне процесите на заемно и активно дејствување, одговорност кон членовите на групата и кон тоа што го работат.
Овие потреби најдобро се развиваат преку посетување на културни манифестации, концерти, опери, театри, изложби и др. На нашите ученици им недостигаат културни навики кои се стекнуваат со посета на погоре споменатите културни манифестации. Тие навики и потреби се градат од мали нозе. Затоа училиштето денес треба да работи на овој план многу повеќе отколку порано. Не е доволно учениците еднаш во годината да се однесат на театарска претстава, тку тоа треба да биде во рамките на предметот мајчин јазик задолжителна активност еднаш месечно. Истото треба да се практикува и по предметите од уметничката група (ликовно и музичко образование). Посетите на изложби и музички сценски дела, како што е операта треба да биде задолжително за секој ученик. Од друга страна пак, училиштето треба да изнаоѓа средства за бесплатно посетување на културните збиднувања, како би можеле тие да бидат помасовно посетени. Пред секоја посета на културен настан, учениците треба да добијат задачи што да следат, а тоа да го набележат веднаш во завршувањето на претставата, заедно со нивните впечатоци. Само на тој начин ќе бидат мотивирани да ги следат претставите до крај и со внимание.

Многу училишта сметаат дека успешно реализирале програма доколку поканат еднаш годишно лекар или службено лице од полиција кое ќе им го објасни штетното влијание на пушењето и алкохолот, како и разорното дејство на дрогата врз младиот детски организам. Тоа не е доволно. Секојдневно училиштето треба да работи на тоа поле, бидејќи пороците на современата цивилизација заземаат сѐ поголем замав и го собираат својот данок секојдневно, меѓу младите луѓе, уништувајќи ги нивните животи. Таа секојдневност подразбира мноштво на разновидни активности во кои треба активно да бидат вклучени и учениците. Училиштата треба неминовно да делуваат превентивно преку разновидни содржини и разновидни форми, со цел да се развива правилна свест за сите штетни зла и пороци на модерното време.

Проблематичното однесување на учениците во училиштето, а пред сѐ за време на часовите, станува сѐ поголем и сѐ поактуелен проблем. Посебно чести се појавите на агресивност и насилно однесување,

задоцнување и бегање од часовите, како и непочитување на наставниците. За таа цел, неминовни се користење на современи стратегии, модели и техники кои ќе помогнат учениците да се однесуваат поодговорно и подисциплинирано.

Наставниците треба да бидат подготвени да се соочат со најразновидни незадоволства кои ќе ги изразат учениците, а кои можат да имаат и призвук на обвинување. Притоа, многу е важно доколку наставникот се постави во улога на помагач, а не како недопирлив авторитет или шеф. Кај учениците треба да се развие одговорност не само кон наставникот, туку уште повеќе, одговорност пред тимот, пред класот, и воопшто кон училиштето. Треба да се почувствуваат дека се дел од тимот, дека припаѓаат на училиштето и дека се почитувани од возрасните, а пред сè од своите наставници.

Од посебна важност за учениците е да добиваат повратни информации за своите постигнувања. Затоа е ваѓно на учениците јасно да им се каже што постигнале со својата работа, односно со своите залагања и вложениот труд. На тој начин тие ќе заминат од дома со чувство на успех и следниот пат сигурно ќе се потрудат да сработат уште подобро. Доколку се охрабрат, доколку им се понуди можноста да ја поправат сопствената грешка, тогаш и веројатноста дека повторно ќе ја повторат веќе сторената грешка е многу мала.

Користена литература

- Cowley, S. (2003), *Tajne uspjesnog rada u razredu*, vjestine, tehnike i ideje, Skolska knjiga, Zagreb
- Мурати, Џ: (2007), *Спроведување на промените во училиштето како услов за квалитетна настава*, во зборникот на трудови од јавна расправа „Наставникот и квалитетот на образованието“, Дом на просветните работници на РМ, Скопје (52-59)
- Петрова - Ѓорѓева, Е: (2005/2006) *Воспитната функција на современото училиште*, Воспитание, Педагошки факултет, Штип, бр. 6-7 (19-24)
- Potkonjak, N:(1984), *Ostvarivanje vaspitne uloge skole*, Prosvetni pregled, Beograd
- Попова - Коскарова, Р: (2007), *Наставникот и воспитната улога на училиштето* во зборникот на трудови од јавна расправа Наставникот и квалитетот на образованието, Дом на просветните работници на РМ, Скопје (80-84)